

ООУ „СТИВ НАУМОВ"-БИТОЛА

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024ГОДИНА

Наставници:

Соња Алтипармакова
Пецо Велевски

Директор:

Никола Пискачев

АВГУСТ 2023 година

Потребата за постоење на дневен престој во рамките на училиштето "Стив Наумов'' е поддржано од Советот на родителите, кои што поради своите работни обврски се заинтересирани своите деца да ги згрижуваат во рамките на училиштето со оваа воспитно
образовна форма на работа.

УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ

1. **Материјално технички услови**

- Дневниот престој се реализира во просторија што се наоѓа на првиот кат од училишната зграда и ги задоволува потребите за Дневен престој.
- Просторијата е опремена со масички, столчиња, шкавчиња, табла за пишување, нагледни средства итн. Во просторијата има доволно дневна светлина и се е во функција за нормално одвивање на воспитно-образовната работа и прифаќање на учениците.
- За потребите на децата обезбедени се играчки, сликовници, аудио-визуелни средства, креди во боја, сложувалки, боенки, фломастери и боички, наставни ливчиња, разни ЦД-а колекции со цртани и играни филмови за деца, детски песнички од детски музички фестивали и други нагледни средства соодветни на возраста и потребите на учениците.

2. **Опфат на учениците**

- Во дневниот престој се опфатени ученици од 1во до 3то одд.
- Формирани се 2 воспитни групи (опфатени се учениците и од 1та и од 2та смена).
- Прегледот на учениците може да се види од документацијата на одговорните наставници за дневен престој.

3. **Наставно воспитен кадар,стручно и работно искуство**

Со воспитните групи во дневниот престој раководат одговорните наставници: Соња Алтипармакова- дипломиран учител, Пецо Велевски-наставник по одделенска настава.

ДНЕВЕН РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИ ВО ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

Прифаќање и адаптација на ученицитеод 7.00 до 8.30

Подготовка за појадок и појадокод 8.30 до 9.00

Пишување на домашни задачи и учењеод 9.30 до 11.00

Време за одмор од 11.00 до 11.30

Реализирање на слуободни ученички активности,социјализација од 11.30 до 12.15

Прифаќање на учениците од претпладневна смена и ужина од 12.15 до 13.00

Игри во училишниот двор,прошетка во блиска околина,дружење од 13.00 до 13.30

Пишување на домашни задачи и учење од 13.30 до 14.30

Време за одмор од 14.30 до 15.30

Реализирање на слободни ученички активности,дружење и организирано слободно време од 15.30 до 16.30

Средување на училницата и испраќа на учениците дома од 16.30 до 17.00

***Редоследот на активностите и нивното реализирање може да се промени,во зависност од потребите на учениците**

ПОДРАЧЈА НА РАБОТА

1. Активности поврзани со наставата

Воспитно образовната работа во дневниот престој е организирана во согласност со барањата на задолжителната настава. Тука спаѓаат две активности:

- Подготвување на домашата работа, што е една од главните ангажирања на учениците, што наставникот го следи со особено внимание.
- Учење кое е поделено во две етапи, учење за утврдување на новиот наставен материјал што се учел на часовите истиот ден и учење и повторување на наставниот материјал за наредниот ден.

2. Начин на работа на наставникот

Наставникот ги упатува учениците за самостојна работа и концентрирана работа, самоконтрола и ученичка контрола. На крајот на сите активности главната контрола ја врши наставникот. Важно е учениците уште од почетокот да се оспособат за самостојна работа и оспособување за користење на различна литература, прибор за работа, како и разни материјали.

Во работата со учениците најчесто се користи индивидуалната форма на работа. Можат да се користат повеќе видови на наставни ливчиња и тоа:

- Наставни ливчиња за дополнување на знаењата – за оние ученици кои побавно напредуваат. Овој вид наставни ливчиња постепено го подигнуваат нивото на знаење на ученикот, при што оние ученици кои побавно напредуваат постепено го достигнуваат нивото на знаење на нивното одд.
- Наставни ливчиња за развој – претставуваат еден вид додатна настава за надарените ученици.
- Наставни ливчиња за вежби – со нив се совладуваат некои типични грешки кои се јавуваат во знаењата на учениците.
- Наставни ливчиња за самостојно учење – со кои се врши проверка на усвоеноста и владеењето на наставниот материјал.

3. Формирање на културно – хигиенски навики

- Запознавање на учениците со здраствените и културно хигиенските навики за одржување на личната хигиена.
- Обезбедување на личен прибор за одржување на хигиената: сапун, крпа, чешел и сл.
- Запознавање на учениците за правилна употреба на санитарните уреди.
- Секојдневна контрола на личата хигиена.
- Секојдневно проветрување на просторијата.
- Украсување на просторијата со слики и други изработки на учениците.
- Одгледување на цвеќе.

4. Слободно време на учениците

Освен пишувањето на домашните задачи и учењето, учениците во дневниот престој ги задовлуваат и своите спесифични потреби. Овде пред се се мисли на играта и заедничкото дружење со цел за што подобра социјализација на учениците, но и превенција од неприфатливи видови на однесување.

Со помош на стручно водство учениците ги развиваат своите креативни способности низ ликовното, музичкото и физичкото образование и воспитание.

Во рамките на слободното време на учениците спаѓаат следните активности:

Физички активности

- Разни игри во училишниот двор, тенис, јаже, игри со хулахоп, игри по слободен избор, разни групни и карактерни игри, штафетни игри, игри со правила, вежби за обликување на телото, прошетки во парк или блиската околина, слободно дружење и рекреативни паузи.

Естетски уметнички активности

- Слободно ликовно изразување на блиските теми на учениците (цвеќиња, птици, природни појави, животни, луѓе) работени во разни ликовни техники: акварел, гваш техника, колаж и друго.
- Изведба на музички точки, слушање музика, пеење, играње, следење на ТВ програми, цртани и детски филмови, куклен театар, подготовки и изведби на програма за разни музички представи и други слични активности кои ја оживуваат детската креативност и имагинација.

Технички активности

- Работа со хартија
- Изработка на плакати, кукли, маски и анимации, оригами
- Изработка на предмети од природен материјал – шишарки, лисја
- Изработка на честитки и цвеќиња од светлива хартија
- Изработка на предмети од жица и вуница
- Мали истражувачки проекти
- Игри на компјутер
- Образовни игри

5. Педагошка евиденција и документација

Педагошката евиденција и документација се води во дневник за работа во кој се запишува какви активности биле извршени во текот на денот исто така наставникот води досие,во кое се запишуваат покарактеристичните констатации за работа и напредување на учениците како на пример:

- Пофалби
- Посебно истакнување на ученикот во одредени дисциплини
- Развивање критичност и самокритичност
- Културно однесување на ученикот во просториите на престојот, кино , театар, улица

6. **Соработка со директорот, педагогот и наставниците**

Наставникот во дневниот престој соработува со оделенските наставници во текот на целата учебна година, се консултира, дава и добива повратна информација за целокупната настава која ја реализира во дневниот престој и се што е карактеристично за секој ученик кој го посетува овој вид на настава. Наставникот остварува и перманентна соработка со педагогот, директорот и стручната служба и се консултира секогаш кога ке почувствува некаква посебна промена и потреба кај учениците.

Директорот секогаш е информиран и е во тек со организацијата, педагошко-психолошките, социјалните и здраствените потреби на учениците од дневниот престој.

Затоа наставникот треба да иницира средби со директорот секогаш кога има проблем за разрешување, а воедно иницира и средби со педагогот, наставниците и родителите.

7. **Соработка со родители**

Соработката со родителите е континуирана преку целата година,без временско ограничување,но сепак,дел од родителските средби се определени според содржината и значењето,со време.

На почетокот на учебната година планирана е групна (заедничка)родителска средба за известување на родителите за начинот и функционирањето на дневниот престој во училиштето.Наставникот од дневен престој ги информира и запознава сите заинтересирани родители кои сакаат нивните деца да се згрижуваат во дневниот престој пред и по часовите од редовната настава,за условите,можностите и известувањето на овој вид згрижување на учениците.Исто така се постигнува заеднички договор со родителите за начинот на исхрана во дневниот престој.

Кон крајот на првото и второто тромесечие планирани се групни родителски средби за информирање на родителите за изведени одредени воннаставни активности.

Во текот на целата учебна година се остварува соработка помеѓу наставникот и родителите.

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ

1.Известување за воспитно-образовната форма на работа и опфат на учениците во дневен престој
2.Видови активности и времетраење на истите
3.Потребен материјал за работа во дневен престој
4.Исхраната во дневен престој

ДЕКЕМВРИ

1.Анализа и соопштување за работата на учениците во прво тромесечие
2.Мерки за подобрување на успехот во следниот период

АПРИЛ

1.Соопштување за реализирани активности и постигнувањата на учениците при реализирање на истите
2.Дисциплината во изминатиот период

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности се реализираат со цел да им се направи престојот на учениците поинтересен,да стекнат нови знаења,умеења и вештини надвор од тековниот наставен процес.

Септември

Прошетки до блискиот парк,каде ќе се реализираат различни активности поврзани со математика,ликовно образование,природни науки.Исто така ќе стекнуваат навики за културно и правилно однесување во природа.

Октомври

Во месецот на книгата ќе се реализираат активности во цел поттикнување на љубов кон читање на книгата:активности од детски списанија,читање дел од книга и примена на техники од програмата ЧКПМ...

Декември

Предновогодишни активности,со цел зголемување на естетскиот момент кај учениците:правење новогодишни украси и честитки,боење на новогодишни ливчиња,украсување на новогодишна елка....

Март

Месецот март ќе го одбележиме со активности посветени на мајката,со цел покажување на љубов кон неа:честитки,цртежи,песнички...

Мај

Обележувањето на велигденските пазници ќе бидат цел на активностите во овој месец:бојадисување на велигденско јајце,цртање и боење на соодветни наставни ливчиња....